**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

УП бр.1310-79
Бр.на постапка 48012
од 12.05.2023 година
Велес

Градоначалникот на Општина Велес, постапувајќи по барањето поднесено под УП број 1310-79 од 16.12.2022 година од страна на Друштво за инжинеринг, производство, промет и услуги МЕХАНОТЕХНИКА увоз - извоз Битола дооел, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/2020), член 58 и член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање(Службен весник на РСМ бр.225/2020 и 219/2021), го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува проектна програма со УП број 1310-79 и со број на постапка 48012 од 14.12.2022 година, изработена од Биро за урбанизам Томе ДООЕЛ Битола, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба со намена Е1.8 - Нов 10(20) kV кабелски вод КП бр. 12080, КП бр. 12081, КП бр.12303, КП бр. 14262, КП бр.14269, КП бр.14270, КП бр.14271, КП бр.14478, КП бр.15542, КП бр.15582, КП бр.15583, КП бр.15584, КП бр. 15585, КП бр.15586 (КО Велес), КП бр.1561, КП бр.208, КП бр.293/1, КП бр.306/2, КП бр.520, КП бр.527, КП бр.543, КП бр.548 (КО Каласлари) - Општина Велес

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Подносителот Друштво за инжинеринг, производство, промет и услуги МЕХАНОТЕХНИКА увоз - извоз Битола дооел, поднесе барање за одобрување на проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба со намена Е1.8 - Нов 10(20) kV кабелски вод КП бр. 12080, КП бр. 12081, КП бр.12303, КП бр. 14262, КП бр.14269, КП бр.14270, КП бр.14271, КП бр.14478, КП бр.15542, КП бр.15582, КП бр.15583, КП бр.15584, КП бр. 15585, КП бр.15586 (КО Велес), КП бр.1561, КП бр.208, КП бр.293/1, КП бр.306/2, КП бр.520, КП бр.527, КП бр.543, КП бр.548 (КО Каласлари) - Општина Велес

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Барање за одобрување на Проектна програма
2. Проектна програма со тех.бр. 13-10/1, од 12.12.2022 година,
3. Графички прилог на проектната програма,
4. Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y10314i од Октомври 2022 година, издадени од Агенција за планирање на просторот.
5. Решение за услови за планирање на просторот со арх.бр.УП1-15 2076/2022 од 10.11.2022 година, издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение 08-199/1 од 11.01.2023 година, по разгледување на приложената документација кон барањето и извршениот увид во истата, констатира дека барањето за одобрување на

проектната програма е основано и е во согласност со член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање(Службен весник на РСМ бр.225/2020 и 219/2021), за што до Градоначалникот достави предлог за одобрување на проектната програма со бр. 1310-79 од 10.05.2023 година, во кое даде позитивно мислење и предлага истата да се одобри.

Градоначалникот на Општина Велес врз основа на приложената документација кон барањето и предлогот за одобрување на Комисијата за урбанизам при Општина Велес, констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Правилникот за урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр.32/2020).

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото, до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот. Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

Градоначалник
на Општина Велес

**Марко Колев**

Marko Kolev

Digitally signed by Marko Kolev
Date: 2023.05.12 10:53:29 +02'00'